Република Северна Македонија
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
04-Су.бр.4/20
03.01.2020 година
Скопје

Republika e Maqedonisë së Veriut
GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP
04-Agj.nr.4/20
viti 03.01.2020
Shkup

Врз основа на член 24 од Законот за судска служба (Службен весник на Република Македонија" број 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) в.в. со член 51 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Претседателот на Основен граѓански суд Скопје, на ден 03.01.2020 година донесе:

# ОДЛУКА

Јавниот оглас број 5/2019 за вработување на неопределено време во Основен граѓански суд Скопје на 1 (еден) судски службеник за работно место: Категорија Б, ниво Б-4, Раководител на оддел за работни спорови, **СЕ ПОНИШТУВА.**

## Образложение

Основниот граѓански суд Скопје на ден 06.12.2019 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Lajm", како и на веб страната на судот, објави јавен оглас број 5/2019 за вработување на неопределено време на 1 (еден) судски службеник за работно место: Категорија Б, ниво Б-4, Раководител на оддел за работни спорови.

Јавниот оглас е објавен согласно со член 24 од Законот за судска служба (Службен весник на Република Македонија" број 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18), по претходно добиена согласност од Судскиот буџетски совет под бр.08-1739/4 од 04.12.2019 година, како и Известувањето од Република Северна Македонија-Министерство за финансии бр.18-9995/2 од 03.12.2019 година за обезбедени финансиски средства за вработување на еден извршител на означеното работно место, издадено согласно со член 51 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16).

Согласно со член 51 став 1 од Законот за буџетите, буџетските корисници и единки корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи, само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија и ако се планирани во планот за пополнување на работни места во текот на фискалната година, кој е поднесен при поднесувањето на буџетската

пресметка. Според член 51 став 4 од истиот Закон, при вработување на нови работници и пополнување на испразнети работни места, при вработување на работници на определено време и при склучување договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи, од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија.

Согласно со означената законска одредба, согласноста за обезбедени финансиски средства за ново вработување се однесува за тековната фискална година.

Со оглед дека Известувањето од Република Северна Македонија-Министерство за финансии бр.18-9995/2 за обезбедени финансиски средства за вработување на еден извршител на работното место Категорија Б, ниво Б-4, Раководител на оддел за работни спорови е од 03.12.2019 година, согласноста за обезбедени финансиски средства се однесува за тековната фискална 2019 година. Со истекот на тековната фискална 2019 година, престанува да важи издадената согласност.

Имајќи го ова во вид, по истекот на 2019 година, не се исполнети условите предвидени со член 24 од Законот за судска служба, поради што Јавниот оглас број 5/2019 за вработување на неопределено време на 1 (еден) судски службеник за работно место: Категорија Б, ниво Б-4, Раководител на оддел за работни спорови - 1 извршител, се поништува.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ILIR SULEJMANI**